*БРАНКО ПАНОВ*

# НИКОЛАЈ Н. ДУРНОВО ЗА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

НА БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС 1878 година, како што е познато, покрај другото било решено Турција да спроведе реформи во Македонија. Меѓутоа, 23-от член од договорот, кој ја обврзувал Турција да ги спроведе реформите не бил спроведен во дело. На овој начин судбината на македонскиот народ одново била препуштена во рацете на компромитираната турска администрација, која преку поткупи и сл. го овозможувала слободното дејство на денационализаторските пропаганди на соседните буржоаски држави, кои преку школите, црквите и друго, настојувале да ја распарчат територијата на Македонија и со тоа да го решат македонското прашање секоја во своја полза. Од друга страна, пак, големите европски сили имале свои интереси во Македонија. И тие на еден или друг начин сакале да го наложат своето влијание во оваа централна област на Балканот, и затоа секоја од нив тегнела на своја страна и на овој начин не можеле да се сложат да ја натераат Турција да ги спроведе во дело одлуките на Берлинскиот конгрес. Со тоа таквата дипломатска игра на големите европски држави уште повеќе допринела да се усложни македонското прашање.

Околу решението на македонското прашање доста се ангажирало и европското општествено јавно мнение. Особена активност покажала руската јавност. Во Русија настаните во Македонија постанале тема на денот. Голем бил бројот на руските известувачи (лингвисти, историчари, археолози, етнолози, историчари на уметноста, новинари и др.) кои од самиот терен испраќале дописки за дневниот печат и периодичните списанија, запознавајќи ја на овој начин сестрано својата јавност со етничките особености на Македонците со богатството на нивниот јазик, со нивното историско минато, со културно-историските споменици и сл., а особено со најновите настани во оваа намачена словенска земја. За Македонија и македонското прашање меѓу руската јавност „никогаш не се зборувало толку многу" како што било случај кон крајот на минатиот и почетокот на нашиот век[1]. Во овој период „и однатре и однадвор прашањето за Македонија" се приближувало „кон почетокот на својот крај"[2].

---

Објавено во сп. „Историја", Скопје бр. 2. 1968.

[1] С.-Петербурския ВѢдомости, No 27, 28 Январъ 9 (Февраль), 1899, стр. 1.

[2] С.-Петербурския ВѢдомости, No 61, Мартъ, Четвртокъ 4 (16), 1899, стр. 1.

Веќе од 1880 година македонското прашање станало јаболко на раздорот меѓу Србите и Бугарите, при што во спорот учествувале и Грците. Спорот главно бил сведен, како што правилно укажал Токарев,

„кон определувањето на националноста на македонските Словени. Што се они? Ова прашање се покажало доста сложено и да се реши било тешко. Се искажувале едно од друго спротивни гледишта. Бугарските научници (Дринов, Шопов, К,нчов, Иширков и др.) утврдувале, дека македонските Словени се чисто Бугарите; српските пак научници (Милоевиќ, Драгашевиќ, Веселиновиќ, Гопчевиќ, Андоновиќ и др.) категорички ги објавувале за Срби. Во спорот се замешале и научниците и публицистите од другите земји, нарочно руските, при што мнозинството ја подржувала бугарската теза, малцинството-српската. Околу 1890 година била прогласена и трета теза: Македонците се посебен народ, не се ни Бугари, на Срби. Така мислеле... Драганов[3], Мисирков. Но тоа гледиште тогаш сè уште се губело во хорот од ожесточено спореќите бугарски и српски гласови. Спорот продолжил повеќе од 20 години и не довел до никаков резултат. Тој добил особена острина по неуспешното македонско востание од 1903 година во врска со засилувањето на националноослободителното движење меѓу Македонците, кога во Европа почнале да лутаат плановите за реформи или државно преустројство во Македонија“[4].

Целите на расправиите на Србите и Бугарите околу македонското прашање многу јасно ги разјаснил 1896 г. и Ѓ. Петров, кога во делото „Материали по изучуванието на Македония“, покрај другото вели:

„Денешните историски докажувања и расправии, слични на оние дека тука (во Македонија — б.м.) владеела Србија, дека српскиот дух е силен итн., со кои се служат „браќата“ за да докажуваат дека сме Срби и обратно, тврдењата на „Новини“ врз основа на некои факти од бугарската историја и на зборовите на разни историчари и патеписци, дури и историските споменици на населението за српските господари, со кои споменици многу се силат „браќата“, или големото влијание на мизиските и тракиските Бугари врз Македонците и нивното заемно учество во разни движења, нивната општа нова историја, најпосле „славата“ на Милоевиќ и „курбанот“ на г. Шопов, се-

---

[3] Поради својата македонска теорија за народноста на Макеронците, П. Драганов бил третиран во руската јавност дека е „македонски уроженец“. Кон тоа допринело и неговото двегодишно учителствување во Солунската гимназија (Види: К. Шапкаревъ, Нѣколку бѣлешки върху Македонско-славянския сборник на П. Драгановъ. Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, кн. XII. София 1895, стр. 51—53). Инаку тој бил од Бесарабија (Сп. Д. Матовъ, Кратка расправия по етнографията на Македония, С. 1890, стр. 27; Б. Ристовски, П. Мисирков (1874—1926). Скопје 1966, стр. 74).

[4] С. А. Токарев, Проф. Й.Цвиич. Славянский архив. Москва 1962, стр. 112—113.

то тоа се безсодржајни докази и аргументи, кои можат да даваат материјал на секојдневните журнали наменети за масата но за науката не чинат ни едно луле тутун“[5].

Во последната деценија на XIX и почетокот на XX век доста активен бил околу решавањето на македонското прашање и професорот Николај Н. Дурново[6]. По третманот на македонското прашање Дурново спаѓал меѓу оној мал број руски научници, кои многу се доближувале до гледиштето на Мисирков, Чуповски и другите нивни едномисленици. Тој живеел во Москва и како познат научник[7] можел да доаѓа во контакт со повеќе Македонци кои се школувале во Русија, а истовремено работеле на придобивање на руската јавност за решение на македонското прашање во полза на самите Македонци[8].

Ангажираноста на руската јавност и дипломатија во пружање помош на Јужните Словени и нивното меѓусебно зближување, особено се засилила по завршувањето на војната од 1853—1856 г., кога во Москва бил создаден Словенски благотворителен комитет со одделенија во Петроград, Киев, Одеса, и др. градови[9]. Во периодот од 1867—1869 година меѓу членовите на Московскиот словенски комитет бил и Н. Н. Дурново[10]. Целта на Словенскиот комитет била да работи на зближување на сите Словени. За постигнување на оваа цел, Комитетот публикувал книги, во кои бил третиран животот на словенските народи, издржувал ученици и ученички и др.; за таа цел постоел еден Словенски дом во кој се воспитувале бугарски, српски, црногорски и други ученици[11]. Бидејќи Дурново бил доста активен во работата на Словенскиот комитет, а и бил запознат со ситуацијата на Балканот, во 70-те години бил задолжен да влезе во блиски врски со српските преставници во Москва, со задача да дознае нешто повеќе за политиката на Србија спрема Русија[12].

Од 80-те години, под влијание на Петар Драганов[13], Дурново почнал да се интересира повеќе за Македонија и активно да се застапува за македонската теорија на народноста на Македонците. Во

---

[5] Г. Петров, Материали по изучванието на Македония. София 1896, стр. 711—712; Сп. за дејноста на пропагандите во Македонија и Б. Панов, Црковно-просветните борби во Струмичко во XIX век. Гласник на ИНИ, г. III, бр. 2. Скопје 1959, стр. 87—116.

[6] Б. Ристовски, Крсте П. Мисирков, стр. 340—341.

[7] Николај Николаевич Дурново бил доста плоден научник од областа на рускиот јазик; напишал Хрестоматија за историјата на рускиот јазик, Хрестоматија за малоруската дијалектика, неколку работи од старословенскиот јазик во сп. Byzantinoslavica, повеќе работи за старата литература, за Кирил и Методија итн.

[8] К. П. Мисирков, За македонцките работи. Скопје 1946, стр. 38 сл.; сп. Б. Ристовски, ц. д., стр. 224. сл.

[9]) Н. Н. Дурново, Государства и народи Балканского полуострова, ихъ прошедшее, настоящее и будущее и болгарская кривда. Москва 1890, стр. 3. Специјално овие комитети ги обработил С. А. Никитин, Славянские комитеты в Росии. Москва 1960 .

[10] С. А. Никитин, Славянските комитеты в России, стр. 64.

[11]) Е. Спространовъ, Нѣколко думи за общественитѣ публични чтения. Български прегледъ, г. II, кн. XI. София 1895, стр. 116, бел. 1.

[12] С. А. Никитин, Славянские комитеты в России, стр. 291—292.

[13] Славянский Вѣкъ, No 7 и 8. Вѣна 1900, стр. 6.

овој период, особено под влијание на Драганов, во Русија македонската национална идеја, и покрај многуте пречки, почнала да расте, се развива и се шири[14]. Тaквата опасност не можеле да ја премолчат, а да не ја искажат јавно спроводниците на бугарската пропаганда во Македонија. Меѓу таквите бил и Д. Матов, кој во статијата: „Кратка расправија по етнографијата на Македонија", меѓу другото пишува:

> „Во 1888 година во „Извѣстия Славянского Благ. Общ.", се појавија ред статии од П. Драганов, под општ наслов: „Етнографический очеркъ славянской части Македонии" ... Авторот ни се чини е Бугарин од Бесарабија, живеел како учител две години во Солун, соопштува разни факти од древната историја, од животот, од јазикот на македонските Словени и со тон на самоуверен познавач го решава прашањето за народноста на овие Словени, кога ги прогласува за посебно словенско племе, а не за дел од бугарското или српското, но сепак за племе по јазикот поблиско до српското"[15].

Во една своја рецензија, објавена 1890 година, и Љ. Милетич известува дека бившиот учител во Солунската гимназија П. Драганов, кој живеел во Русија, најавувал дека имал намера да издаде и „Македонски сборник", кој ќе содржел во себе 1000 броја текстови, добиени од 105 населени пунктови[16]. И навистина П. Драганов го издал најавениот зборник, под наслов: „Македонско-славянский сборникъ". Овој Зборник широко одекнал меѓу руската јавност. Во новопојавената брошура „Новые труды по славяноведению", отпечатил своја рецензија за Зборникот и прочуениот професор Флорински, во која тврди дека:

> „П. Драганов не припаѓал ни кон една од оние партии што се бореле во Македонија, ни кон србофилите, ни кон бугарофилите и слични"", а нагласувајќи дека Драганов застапувал мислење дека „Македонците не се ни Бугари, ни Срби",

многу допринел народноста на Македонците да добие инаков третман[17].

Николај Дурново спаѓал меѓу оние руски научници кои гледале со недоверба на руските, бугарските, француските, англиските и други етнографи на Македонија. Сметал дека неговото

> „мнение, засновано на научни трудови, е еднакво со мнението на г. Драганов, дека македонските Словени не се ни Бугари, ни Срби и дека Бугарите немаат никакви историски права на Македонија"[18]

---

14 Б. Ристовски, Крсте П. Мисирков, стр. 187 сл.

15 Д. Матовъ, Кратка расправия по етнографията на Македония, стр. 23.

16 Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, кн. II. София 1890, стр. 199.

17 Сп. К. Шапкаревъ, Нѣколку бѣлешки върху Македонско-славянския сборникъ на П. Драгановъ, стр. 51—53.

18 Славянский Вѣкъ, No 7 и 8. Вѣна 1900, стр. 6.

Во врска со тоа, во една своја рецензија, жестоко ја нападнал К'нчовата „Етнография на Македония", наведувајќи меѓу другото дека,

„подобро би била ако г. К'нчов ги нарекол македонските Словени не Бугари а Словено-Македонци, бидејќи Бугарите не ги пословениле македонските Словени туку напротив Словените ги пословениле Бугарите"[19].

Ваквиот третман на народноста на Македонците Крсте Мисирков го сметал за позитивен. Во книгата „За македонцките работи" не само што ја издвоил оваа теорија и ја нарекол дека е позитивна за афирмацијата на националното име на Македонците, туку се обидел и да го објасни нејзиното потекло. Меѓу другото, тој пишува:

„Работењето на Србите не остана без резултати при решавањето на македонското прашање. Србите со своите школи во Македонија успееја да создадат во европското и руското јавно мнение илузија, дека има Срби во Македонија. Една слична илузија била презентирана пред владите на големите сили за факт, па јасно е, дека при решавањето на македонското прашање требаше да се имаат предвид и барањата на српската влада... Во почетокот на нивната пропаганда, Србите и не мислеа да ги прават Македонците Срби; тие сакаа просто да создадат во Македонија, наред со бугарските, и српски интереси, така што во време на решавањето на македонското прашање, да добијат колку е можно поголем дел од неа. Таа цел се достигаше, едно со изјавување историски и други права и сообразувања, а друго и главно со инакво поставување на прашањето на народноста на македонските Словени. Последните можеа да се одделат, или се како нешто средно меѓу Србите и Бугарите, т.е. не се ни Срби, ни Бугари, а просто Македонци или македонски Словени, или како Срби. Првата теорија имаше помалку приврзеници и беше предназначена за пред европското општествено мнение. Но на таа теорија и беше затворен влезот во Македонија, како и во сите овие средини, откаде излегуваа пропагандистите. Таа теорија беше опасна за српските интереси во Македонија, зашто ќе повлечеше по себе согласност на Србија да се создаде одделна македонска држава и со тоа Србија не ќе добиеше ни еден дел од неа. Втората теорија, т.е. сите македонски Словени се исто такви Срби, како Босанците, Црногорците и пр., се вкорени во Србија. Со тоа Србите ги лажеа не само општественото јавно мнение и Македонците, но и самите себе..."[20].

Уште во 1890 година Дурново објавил книга, чиј наслов: „Државите и народите на Балканскиот Полуостров, нивното минато, сегашност и иднина и бугарската неправда", јасно укажува дека тој ги осудувал бугарските планови за завладување на Македонија. Во са-

[19] Славянский Вѣкъ, No 25, 1-го (14-го) Сентября. Вѣна 1901, стр. 17—18
[20] К. П. Мисирков, За македонцките работи, стр. 72—73.

миот почеток на книгата Дурново се обидел да ги даде причините за декларирањето за Бугари на оние македонски младичи, кои доаѓале да се школуваат во Русија. Наведува, дека по завршувањето на војната од 1853—1856 година и создавањето во Москва Совенски Благ. комитет, голем број

„млади македонски Словени, желни за образование, исто (како и бугарските младичи — б.м.) оделе во Русија да учат во вишите руски учебни институции, а како во тоа време било згодно да се наречат Бугари, кои добивале голема материјална помош..., тогаш и македонските Словени имале доста побуди да се декларираат за Бугари. Така се создавала бугарската интелегенција... која ја извртувала историјата и ја зголемувала бројноста на бугарското племе“[21].

Нешто слично мислење за таквата појава имал и Мисирков. Тој наведува, дека и Бугарите и Србите тогаш во Русија имале свои претставници со широки познанства, се ползувале со многу добар дочек од високите слоеви на руското општество и „имале големо влијание на него““. Тие се познавале со дипломати, професори, редактори и издавачи на весници и на еден или друг начин влијаеле да се застапуваат за нивните интереси во Македонија[22]. Како и Мисирков[23] и Дурново сметал дека бугарската пропаганда преку своите школи во Македонија им го натурувала бугарското име на македонските Словени[24]. Главната причина за успехот на таа пропаганда, како правилно забележал Мисирков, била

„дека во тоа време нашето национално самознание беше само разбудено на половина; специјално со прашањето за нашата народност никој не се занимаваше“[25]. За Дурново „јазикот на кој било преведено Св. Писмо бил јазик на македонските Словени, а не бугарски јазик“[26] Сметал дека во „секој случај треба да се признае дека Охрид бил престолнина на Словено-македонското царство, кое се именувало бугарско, но кое ништо општо немало со бившото прибалканско или заддунавско-бугарско царство... Македонското царство се појавило... по изгонувањето од Македонија на Бугарите и имало наполно одделна династија и архиепископи...“[27].

Секако дека во овој период имало во Русија на школување и такви Македонци кои со своето присуство допринесувале да дојде до израз македонската самобитност. Под влијание на руските научници,

---

[21] Н. Дурново, Государства и народи Балканского полуострова..., с. 3—5.

[22] К. П. Мисирков, За македонцките работи, стр. 49.

[23] Исто, стр. 50.

[24] Н. Н. Дурново, Имѣютъ ли Болгары историческия права на Македонию, Фракию и старую Сербию? Москва 1895, стр. 33—34; од истиот: Какъ устроить автономию Славяно-Македонии? Славянский Вѣкъ, No 52. Вѣна 1902, стр. 117.

[25] К. П. Мисирков, За македонцките работи, стр. 58—59.

[26] Н. Дурново, Государства и народи Балканского полуострова..., с. 9.

[27] Н. Дурново, Имеют ли Болгари историческия права на Македонию..., стр. 15 сл.

кои не ги прифаќале бугарските тези, тие почнале се повеќе да се осврнуваат на историското минато на својот народ, на својот јазик и сл. Особено карактеристичен пример за тоа е, кога во 1886 година словенофилот Иван Аксаков се обрнал до некои од Македонците и ги прашал зошто не го земат за „литературен јазик своето македонско наречје што е побогато од бугарското“ и поблиско до руското[28]. Подоцна, во 1902 година, оваа сугестија била прифатена од страна на членовите на Македонското студенско друштво во Петроград[29].

Под влијание на посетата на Балканскиот Полуостров[30] и на групата Македонци — „сепаратисти“, кои се префрлиле од Белград во Русија[31], во почетокот на нашиот век Дурново не само што повеќе се заангажирал околу македонското прашање, туку почнал да дава и конкретни предлози за неговото решение.

Во општословенското списание „Славянский Вѣкъ“, кое почнало да излегува во Виена од 1900 година[32], Дурново ја објавил статијата: „Кон етнографијата на Македонија и македонското прашање“, каде со поконкретни предлози го искажал своето гледиште за решение на македонското прашање. Изјаснувајќи се дека Македонците не се ни Бугари, ни Срби, туку нешто посебно, тој го гледал решението на македонското прашање во создавањето на Балканот на „посебна словенска област“, која би се викала Словено-Македонија и чија престолнина би бил градот Охрид.

> „Во оваа Словено-Македонија, пишува тој, би влегле сите словенски кази во кои преовладуваат Словени и кои би можеле одново да образуваат Охридска автокефална архиепископија, укината 1767 година“[33]. Историската оправданост на своето гледиште, Дурново го засновал на тоа, дека „Словено-Македонија имала своја сопствена историја“;
> дека „до 1767 година имала своја автокефална архиепископија,

---

[28] Види: Б. Ристовски, Крсте П. Мисирков, стр. 74.

[29] Исто, стр. 230.

[30] Славянский Вѣк, No 7 и 8. Вѣна 1900, стр. 8—9.

[31] Сп. Б. Ристовски, ц. д., стр. 233—241.

[32] Ова списание го издавал Дм. Вергун. Во еден свој напис тој го изложил и карактерот на неговото списание. Тој истакнува, меѓу другото, дека ова списание, не е, не треба да биде и не сака да биде продолжител на поранешните руски слофенофилски изданија, кои биле издадени во Москва и С.-Петербургъ". Овие списанија тој ги сметал за официјални. „Славянский Вѣкъ", пишува тој, „ќе стане безстрастен изразител на словенското општествено мнение. Главната негова задача е да создаде арена на која наполно би се искажувале сите луѓе, кои мислеле за судбината на Словенството, воопшто, и одделните негови племиња, посебно" („Славянский Вѣкъ", No 2. Вѣна 1900, стр. 3). И навистина ова списание станало општословенско. Во него објавувале свои работи Чехов, Горки и други руски писатели и научници, а исто така писатели и научници и од другите словенски земји, меѓу кои имало доста што се заземале активно за решение на македонското прашање. Во ова списание Македонците се третирани како посебен народ. Во него се сретнуваат голем број анонимни написи и писма од Македонци, кои преку ова гласило настојувале да ја придобијат словенската јавност за решение на македонското прашање во нивна корист.

[33] Н. Дурново, Кое что объ етнографии Македонии и о македонскомъ вопросѣ. Славянский Вѣкъ, No 7 и 8. Вѣна 1900, стр. 6, 8.

која не била потчинета ниту на цариградскиот патријарх, ниту на бугарскиот патријарх во Трново и српскиот во Пеќ"; дека „македонското наречје има свои сопствени особености и во ударението и во звуковите" итн.[34].

Врз база на горните, а наведува и други аргументи, Дурново дошол до заклучок, дека македонското прашање би можело да се реши само преку создавање на Словено-Македонија. Нејзиното егзистирање вака го замислувал:

> „Останувајќи под врховната власт на султанот Словено-Македонија би образувала за себе посебна словенска област, со престолнина во словенскиот Охрид, а не во полуевропскиот Солун. Во таа словенска Македонија би влегле сите оние кази, во кои преовладуваат Словени и кои би можеле одново да образуваат Охридска автокефална архиепископија, укината 1767 година. Грчките кази, заедно со турска Тесалија (65 иљ. ж.) и Јужен Епир (235 иљ. ж.) би можеле да составуваат посебно Јанинско генерал-губернаторство; Стара Србија со Скопскиот санџак — Старосрпско".

Во Словено-Македонија и вилаетите Старосрпско и Јанинско сметал дека можел да остане во тврдините турска војска, а во градовите гарнизони, христијаните пак би биле доволни ако мухамеданците во Македонија, Епир и Стара Србија бидат обезоружени. Инаку борбата на народностите, со поткупувањето на турските паши и чиновници и постојаните убиства, со неказнување на убијците, би ја довеле Македонија и Стара Србија до анархија и би овозможиле експанзија на Австрија[35].

Опасноста од австриската доминација на Балканот, Дурново посебно ја изложил во една друга статија, што ја објавил 1901 година во списанието „Славянский вѣкъ", под наслов: „Македонското прашање и Австрија". Уште во почетокот нагласил дека Македонија служела како јаболко на раздор меѓу Србија, Грција, Бугарија и други. При тоа, водачите и дејците на овие народи, кои спореле за историските и етнографски права на Македонија, малку обрнувале внимание на дејноста на умната, далековидна и итра политика на Австрија, за која караниците, расправиите и споровите биле најпогодни[36]. Што се однесува до руската политика на Балканот, сметал дека Русите би можеле да не се согласат со австриските цели за Македонија и Албанија; сепак, подвлекол дека не би требало да се оспори фактот што Австрија со заземањето на Босна и Херцеговина станала балканска држава. Решението на Австрија да го поврзе Сараево со Митровица со железница, со тоа и со Солун, предизвикало незадоволство во рускиот, српскиот и бугарскиот печат. Русија и балканските држави не сакале да се појави Австрија во Македонија. За да не се случи тоа, Дурново предлагал Русија да води политика на смирување на балканските народи. За жал, Русија со својата пријателска политика во овој

---

[34] Исто, стр. 7—9.
[35] Исто, стр. 8.
[36] Н. Дурново, Македонский вопросъ и Австрия. Славянский вѣкъ, No 15, 1 (14) Февраль. Вѣна 1901, стр. 14.

период спрема Австро-Унгарија[37], не ги гледала ѕверствата во Ерменинија, Стара Србија и не обраќала доволно внимание на Балканот[38]. Исто така, Дурново го нападнал и ставот на Бугарија, која во лицето на Македонскиот комитет во Софија гледала средство да ја присоедини Македонија кон својата држава, несогледувајќи ги притоа последиците од евентуалните реакции на Грците, Србите, Власите и Албанците[39]. Таквата опасност ја предочил и Мисирков. И тој предупредил, дека Србија никогаш нема да допушти да се реши македонското прашање во полза на една од балканските држави, особено во полза на Бугарија[40]. И Европа, сметал Дурново, била исто така заинтересирана за настаните во Македонија, што можело да се види од пишувањето на француските, англиските и германските весници. Оваа активност одела во полза на интересите на Австрија и ја лишувала Русија од можноста да прими секакво учество во примената за Македонија на 23 член од Берлинскиот договор за реформите. Дурново сметал дека Турција е сѐуште доволно силна па затоа немало да допушти да и се отргне Македонија од нејзините раце. Заклучил, како единствено средство за решение на македонското прашање е да се убедат Бугарите, Србите и Грците дека преку кавги и расправии нема да постигнат да го решат ова прашање. Бидејќи Македонија, по примерот на задунавска Бугарија или шумадиска Србија, или Босна и Херцеговина, е еднородна област по население, би можело да се посака да се „создаде макар и Македонско автономно генерал-губернаторство или кнежество“[41]. Оваа теза Дурново одново ја поткрепил со познатите факти, дека Словено-Македонците имале своја сопствена историја, нагласувајќи особено на тоа што во 60-те година на X век, по истерувањето на Бугарите од Македонија, тие си создале и свое Словено-Македонско царство[42].

Поради сето ова, Дурново сметал дека Русија не би требало да се впушта во меѓусебните расправии на балканските народи и да се става на страната на било која држава, бидејќи предупредувал тој, словенофилското учење не правело разлики меѓу народите. Во таа смисла тој го цитирал мислењето на професорот Ламански, кој застапувал гледиште за „нужноста сите народи да имаат своја писменост, свое духовенство, свои народни учители. . .“[43]. Поранешните словенофили, истакнува Дурново, во лицето на Русија гледале земја која го помага разбудувањето на словенските народи и ослободувањето од туѓото господство. Затоа, и сега задача на Русија била да ги вклопи балканските народи во сојуз, кој ќе биде заснован на единоверност и одделно на единоплеменост, и да ги огради овие народи да бидат завладани од Запад. Притоа Дурново особено нагласил на Австрија, чијашто политика водела кон тоа:

---

[37] Сп. В. Поповић, Источно питање. Сарајево 1965, стр. 189 сл.

[38] Н. Дурново, Македонский вопросъ и Австрия, стр. 15.

[39] Исто, 15.

[40] К. П. Мисирков, За македонцките работи, стр. 13.

[41] Н. Дурново, Македонский вопросъ и Австрия, стр. 15.

[42] Исто, 15—16.

[43] Исто 17.

„заедно со турските војски (слично како во Новопазарскиот санџак) не како непријател туку како пријател на Турција" да се наложи на Балканот"[44].

Истата 1901 година, Дурново се јавил во „Славянский вѣкъ" со прилогот „По повод етнографијата на Македонија на г. В. К,нчов" и го осудил при тоа гледиштето на Г. Илински, кој некритички се однел по прашањето за народноста на Словено-Македонците, кога ги нарекол Бугари, поради што и самиот попаднал во грешка[45].

Непосредно пред избувнувањето на Илинденското востание, Николај Дурново повторно и поконкретно се искажал по македонското прашање, во статијата: „Како да се устрои автономијата на Словено-Македонија", објавена 1902 година во септемврискиот број на списанието „Славянский вѣкъ".

Уште во почетокот на статијата Дурново нагласил, дека „Меморандумот" на „Македонско-Охридскиот комитет"[46] не можел да донесе „смирување на различните националности во Македонија" а и да ги натера Русија и Европа истиот да го остворат.

„Составувачите на „Меморандумот", пишува тој, наполно се уверени, дека за 35-годишниот период на бугарската пропаганда во Македонија, истата добила бугарска боја, уверени дека со подарувањето на овтономијата лесно ќе ја приберат неа во своите раце"[47].

Ова становиште го разобличил и осудил и Крсте Мисирков[48]. Дурново сметал дека „устројувањето автономијата на Македонија е возможно само со отстранување влијанијата грчко, српско и бугарско"[49]. Тезата на Дурново, за штетноста од дејството на националните пропаганди на балканските држави, се совпаѓа со ставовите на Мисирков и неговите следбеници. Во своето дело „За македонцките работи", Мисирков вели:

„Ако со нашето отцепување од балканските словенски народи постигнеме соединување на сето македонско словенско население во едно цело ние нема да ослабнеме, туку напротив ќе се засилиме... Македонскиот народ... има потреба... од остранување или парализирање дејноста на националните и религиозни пропаганди"[50].

И во оваа статија Николај Дурново предлага конкретно, само сега уште појасно и со извесни додатоци, како да изгледа Словено-Македонија:

---

44 Исто, 17—18.

45 Н. Дурново, По поводу етнографии Македонии г. В. К'нчова. Славянский Вѣкъ, No 25, 1-го (14-го) Сентября. Вѣна 1901, стр. 17—18.

46 Меморандумот на „Македонскиот комитет" бил објавен и во „Славянский Вѣкъ", No 49, 20-го (2-го Сентября). Вѣна 1902, стр. 23—25.

47 Н. Дурново, Какъ устроить автономию Славяно-Македонии? Славянский Вѣкъ, No 52, 17-го (30-го Сентября). Вѣна 1902, стр. 117.

48 За македонцките работи, стр. 5 сл.

49 Н. Дурново, Какъ строить автономию Славяно-Македонии, стр. 117.

50 К. П. Мисирков, За македонцките работи, стр. XXIII, 16—17.

„Да се одделат оние кази на Македонија во кои преовладуваат Грци и Власи и истите да се соединат со Епир и турска Тесалија и да се образува од нив автономна област; Стара Србија со Скопскиот санџак (а не вилаетот)[51] да се оставaт во составот на Косовскиот вилает, да се обезоружат во него, како и во сета Македонија и Епир албанското и турско население[52]. Со тоа, останува таа словенска Македонија која до 1767 година влегувала во составот на грчко-словенската Охридска архиепископија. Исклучувајќи ги од оваа несловенските епархии и присоединувајќи ги кон неа некои словенски делови на епархии, кои припаѓале до 1767 година (и досега) на вселенскиот престол, ќе добиеме значителна словенска област во која грчкиот и влашкиот елемент составуваат не повеќе од 10% и каде Словените ќе бидат не помалку од милион. Епархиите во Автономна Македонија, на која би можело да и' се даде името „Словено-Македонија", треба да бидат отргнати од власта на цариградскиот патријарх и бугарскиот егзарх и потчинети на автокефалната Охридска архиепископија. Школите треба да бидат оставени да ги управуваат општините, но со ослободување од секакво потчинување на цариградскиот патријарх и бугарскиот егзарх. Се разбира дека охридскиот архиепископ, архиереите, губернаторите и другите службени лица ќе треба да бидат исклучиво жители на Македонија. Притоа, Русија заедно со големите сили ќе треба да ја гарантират целоста на територијата на Словено-Македонија и да недопуштат неа да ја завладат соседните држави. Никој, се разбира, не им пречи на Србија и Бугарија да влезат во блиски односи со Словено-Македонија, а понатаму да образуваат заедно со неа и Црна Гора и сојуз. Друг пат кон автономија на Мекедонија тешко е да се замисли, при противодејствието кое ќе го направат Грција и Србија и Австро-Унгарија, ако во неа бидат воведени реформи согласно проектот на Македонско-Одринскиот комитет"[53].

Факт е дека гледиштето на Дурново за изгледот на Автономна Словено-Македонија има недостатоци и неточности. Тоа во прв ред важи за границите на Македонија, како и бројноста на Македонците и другите жители кои живееле во некои од мешаните кази. Дурново доста ја стеснил македонската граница спрема Србија и Грција. Ваквиот погрешен став неоспорно го изградил под влијание на етнографските карти и таблици, со списоци на населените места кои ги искористил. Во врска со тоа, самиот мислел дека „што се однесува до етнографите на Македонија, тешко е да се каже кому од нив треба да му се верува: на руските и бугарските, француските или англиски-

[51] Под влијание на српските научници Дурново добил сосема погрешна претстава, кога се изјаснил дека Скопската епархија била од дамнина српска, па затоа би можела да не влезе во рамките на Словено-Македонија („Славянскій Вѣкъ", No 52 (1902), стр. 117, бел. 1).

[52] За ѕверствата на наоуружените Турци во Македонија говори и патеписецот Горјунин („С.-Петербурскія Вѣдомости", No 61, 4 (16), 1899, стр. 1).

[53] Н. Дурново, Какъ устроитъ автномію Славяно-Македоніи, стр. 117—118.

те“[54]. Тој ги искористил етнографските таблици и карти од Лежан, Киперт, Ритих, Будилович, Комаров, Теплов, Светозаров, Верковиќ, Бендерев, Милоевиќ, Гопчевиќ, Николаидис, Офејков, Шопов, Ризов и други, во кои Словените едноставно биле регистрирани од српските етнографи за Срби, а од бугарските и руските за Бугари[55]. Со оглед на фактот дека до 1902 година дури и групата на Мисирков, Чуповски и Дедов, како дознаваме од еден записник на Македонското студентско друштво во Петроград, немала определена и јасна престава за границите на Македонија[56], тогаш е разбирливо откаде овие недостатоци и неточности се наоѓаат и во проектот на Дурново.

Автономијата на Македонија што ја предлагал Дурново во ова време и одговарала и на политиката на руската влада. Во овој период Русија настојувала да избегне секакви насилни мерки за решение на македонското прашање. Руската политика сега била сосема поинаква од бугарската, која настојувала преку испровоцирано востание да ја приграби Македонија и создаде „Голема Бугарија“. Сега Русија

> „наоѓала своја сметка и во поткрепата на едно одделно македонско движење што би ја запазило целоста на Турција со извојување полни национални права во рамките на една автономија[57].

Дурново исто така сметал дека „со Македонија Бугарија би претставувала од себе држава со пет милиона население“ што би допринело да се наруши рамнотежата на силите на Балканот[58]).

Планот на Дурново за устројство на автономијата на Македонија нашол голем одглас и меѓу членовите на Македонското студентско друштво во Петровград. Тоа се гледа и од Меморандумот што тие го испратиле во месец ноември 1902 година до руската влада, со кој се барало Русија да се заземе меѓу другото и за:

> 1. Турција да ги „признае македонските Словени како одделен народ со одделен литературен јазик што рамноправно со турскиот станува официјален јазик во трите вилаети на Македонија — Косовскиот, Битолскиот и Солунскиот и признавање на самостојна (македонска) црква.
>
> 2. Назначување на еден генерал-губернатор и еден негов помошник за оваа провинција од споменатите три вилаети. Генерал-губернаторот може да биде турски државјанин од господствувачката националност во таа провинција, а неговиот помошник од помалку господствувачката националност.
>
> 3. Месно изборно собрание и дарување на Македонија органски статут од неговото императорско величество султанот.

---

54 Н. Дурново, Кое что объ етнографии Македонии..., с. 6.

55 Исто.

56 Во еден записник од 1902 година стои дека границите на Македонија требало да бидат „на север Срското Кралство, Шар планина; на запад — р. Дрим, Пинд Планина, Грамос; на југ — р. Бистрица, после Бело Море, а на исток — р. Места“ (Види: Б. Ристовски, ц. д., стр. 229).

57 Б. Ристовски, ц. д., стр. 263.

58 Н. Дурново, Кое что объ етнографии Македонии..., стр. 7.

4. Спроведување во живот на правата дарувани од н. и. в. султанот на Македонија се гарантира од европските држави итн. итн.

Таквата слободна Македонија ќе биде единствена држава на Балканот што ќе го обрне целото свое внимание врз својот внатрешен живот, нема да има никакви завојувачки планови, нема да има зошто да се плаши од своите соседи, бидејќи нејзиното постоење како одделна држава ќе биде осигурено од големите сили. Таквата слободна Македонија од своја страна, пак, во политички, национален и црковен однос ќе се труди да ги привлече кон себе соседните држави во федерација и ќе ја исполни мисијата мирно и тихо..."[59].

Од приложениот текст на Меморандумот јасно се гледа дека автономијата што ја барале членовите на Македонското студентско друштво во Петроград и онаа што ја предлагал Дурново во многу работи доста се подударала.

*

* *

Врз база на сето кажано може да се заклучи дека гледиштето на Дурново оти Словено-Македонија имала свое историско минато, дека претставувала посебна етничка целина во која доминантно население биле Словено-Македонците, дека таа имала своја автокефална црква-Охридската архиепископија, дека јазикот на Словено-Македонците бил посебен, се разликувал од српскиот и бугарскиот, како и тоа, дека преку останувањето на Словено-Македонија под суверенитетот на султанот, отстранувањето на националните пропаганди и влијанијата на соседните држави, гарантирањето на целоста на нејзината територија од големите држави, рамноправното третирање на Словено-Македонија во евентуален понатамошен сојуз на балканските држави би можеле во секој поглед слободно да се развиваат Македонците, — јасно потврдува дека тој го подржувал македонското гледиште во третирањето на македонското прашање, како и националната самобитност на македонскиот народ, кое гледиште го застапувале и настојувале да го остварат Крсте Мисирков и неговите едномисленици[60].

Со таквото свое третирање на македонското прашање и народноста на Македонците, Дурново доста допринел во руското општествено јавно мнение да продре македонското гледиште за решение на македонското прашање. Затоа, слободно може да се каже, дека Николај Дурново во своето време извршил голема услуга на македонскиот народ. Таквата услуга, впрочем не изостанале а да не му ја признаат Мисирков и неговите другари. Во едно писмо што го испратил 1904 година до својот другар Никола Ничота, Димитрија Чупевски меѓу другото пишува:

---

[59] Б. Ристовски, ц. д., стр. 239—241.

[60] К. П. Мисирков, За македонцките работи, стр. 39—40.

„Гледај запознај се со Николај Н. Дурново, србо-гркофил и бугарофоб. Мислам дека тој живее во Москва и е за нашата идеја. Дај му фитил дека вистинските, чистите Словеномакедонци му благодарат за справедливоста. Саму треба да му соопштите дека во Македонија нема Срби и Бугари[61].

Чуповски, како што гледаме, наспроти извесните пропусти и грешки во врска со третирањето на народностите што живееле покрај Македонците во Македонија, сосема позитивно го оценил гледиштето на Дурново и во името на вистинските Македонци му искажал заслужена благодарност за сè што направил за афирмацијата на националноста на Македонците и за правилниот третман на македонското прашање. Затоа за ваквата позитивна активност, Николај Дурново заслужува да добие соодветно место во историјата на македонскиот народ.

## NIKOLAJ N. DURNOVO ON THE MACEDONIAN QUESTION

### SUMMARY

The Russian scholar Nikolaj N. Durnovo, being under the influence of Petar Draganov by the end of the 19th century became interested in Macedonia and took part in solving the Macedonian question. His activity was developing through publishing seperate publications and numerous articles in the Vienna journal „Slavjanskij vek" and other journals. He was representing the viewpoint that Slavo-Macedonia had its own historical past, that it was a separate ethnic in whole which the dominant population were the Slavo-Macedonians, also that it had its own authocephalous church — the Archbishopric of Ohrid, that the language of the Slavo-Macedonians was an original one, different from the Serbian or the Bulgarian. He thought that the Macedoniais could develop freely, in every respec by remaining under the sovereignty of the Sultan; also by the exclusion of the national propaganda and the influences of the neighbouring countries; by the guarantee by the great powers of the integrity of its territory; by an equal treatment of Slav-Macedonia in the possible alliance of the Balkan countries. This confirms the fact that he supported the standpoint of K. Misirkov, D. Čupovski and others that stood on the right side in the treatment of the Macedonian question.

---

[61] Б. Ристовски, ц. д., стр. 339—340.